**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6495 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*"
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*"
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Во извештајниот период од 1 до 9 декември 2016 година, односно во вторите 9 дена од изборната кампања, на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, не е регистрирано издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет на мониторинг во согласност со Методологијата.

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

Во овој извештаен период емитувани се четири изданија на емисијата „*Јади Бурек*" и едно репризно издание, во кои како тема се третирани изборите.

На 1 декември 2016 година, со почеток во 22 часот и 3 минути, водителот во првиот дел на емисијата ги чита главните наслови од дневните весници, а во вториот дел на емисијата има јавувања на гледачи, кои зборуваат против СДСМ, против двојазичноста, против СЈО, дел од гледачите и агитираат да се гласа за ВМРО ДПМНЕ, затоа што биле успешни во здравството и за да не дојде до федерализација на Македонија.

На 2 декември 2016 година, со почеток во 22 часот и 16 минути и премин во наредниот ден од 15 минути, гостин во изданието на „*Јади Бурек*" е Цветин Чилиманов, кој е претставен и зборува во својство на автор на документарниот филм во два дела „Светот по Сорос". Освен за документарецот, Чилиманов кратко зборува и за својот ангажман во Ад хок телото за медиуми.

На 5 декември 2016 година, со почеток во 22 часот и 14 минути и премин во наредниот ден со времетраење од 2 минути, во ова издание на „*Јади Бурек*" нема гостување, а водителот ги коментира митинзите кои сеуште се одвиваат во тој термин, на двете најголеми Коалициии ВМРО ДПМНЕ во Центар и СДСМ во Охрид, пушта снимки од митинзите, и ги коментира ветувањата на двајцата лидери Заев и Груевски. Во делот за јавување на гледачите, во 23 часот па се до 15 минути по полноќ, ги повикува да говорат на тема "Бевте по митинзите, како поминавте?".

На 6 декември 2016 година, со почеток во 22 часот и 7 минути и премин во наредниот ден со времетраење од 15 минути, гостин во изданието на „*Јади Бурек*" е Драган Павловиќ – Латас. Зборуваат за предизборната кампања, за евентуалната истрага на СЈО против Латас, за Соросоидите и СДСМ, за монтираните телефонски разговори, за Верушевски и Заев, за промоторството на УЧК од страна на платени новинари, платените емисии на ТВ Алсат-М и Телма со странски пари... Тема се и изборите на 11 декември, кампањите на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ, за двојазичноста, за кантонизацијата на РМ, за прислушкуваните разговори, странските служби. Латас зборува и за Фатиме Фетаи, за Сашо Ордановски, за медиумската цензура, за „порно" сајтовите Доказ и Мактел, за малите партии, за партијата Беса, за „Струмица гас", за инцидентот со Диме Спасов, за Канвас, за Трамп, за Доста Димовска и Љубе Бошковски, за Љамалари од

албанската дијаспора... По барање на гледачите, емисијата е репризирана на 9 декември во 21 часот и 47 минути.

На 7 декември 2016 година, со почеток во 22 часот и 13 минути во изданието на *„Јади Бурек"* водителот зборува за одредени политички партии и за претстојните избори, пушта снимка од митингот на Стевче Јакимовски во Карпош и коментира дека е негов симпатизер. Емитува и видео на кое се појавуваат Петре Шилегов и Софија Куновска, а потоа емитува видео преземено од фејсбук профилот на Стојанче Ангелов, во кое тој пука со пиштол, во продолжение на емисијата пушта клип во кој се исмејува СДСМ и неговите политички спотови за изборната кампања, го чита писмото од Муса Љамалари испратено до Груевски. Во емисијата нема гостувања, ниту пак јавувања на гледачи.

***Други програми***

Во утринската програма *„Ја сакам Македонија"*, која премиерно се емитува на ТВ Сител, а се репризира на ТВ Сител 3, во сегментот наменет за контакт со гледачите – насловен *На дневен ред*, во овој извештаен период, двапати се појавуваат теми поврзани со изборите.

На 2 декември 2016 година, со почеток во 16 часот и 38 минути, водителот дава отворена тема, на која гледачите 40 минути говорат за тоа што самите ќе одберат. Во скоро сите јавувања опфатена беше темата за претстојните парламентарни избори, федерализацијата, барањето одговорност од политичарите, вреднување на гласот на гласачите и др. Емисијата беше репризирана наредниот ден на 3 декември во 4 часот наутро.

На 7 декември 2016 година, со почеток во 15 часот и 12 минути, и репризно на 8 декември 2016 година, во раните утрински часови, односно во 4 часот и 24 минути, во сегментот наменет за контакт со гледачите – насловен *На дневен ред*, од утринската програма *„Ја сакам Македонија"*, јавувањата на гледачите беа на тема: Што очекувате од изборите в недела?

На 1, 3 и 8 декември е емитуван првиот дел од документарната програма „Светот по Сорос", а на 2, 4 и 9 декември се емитува вториот дел од истиот документарец, во кој се користат инсерти од Шарената револуција во Скопје. Во емисијата зборуваат повеќе странски и домашни соговорници меѓу кои Мирка Велиновска, Тања Каракамишева, Бобан Нонковиќ, Борјан Јовановски, Миленко Неделковски, Зоран Витанов, Владимир Божиновски, Ирена Цветковиќ, итн. Сценаристи се: Цветин Чилиманов, Бранислав Саркањац и Александар Русјаков.

***Сектор за програмски работи***